РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-1068/53
23.09. 2026 год.
ВЕЛЕС

НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

63. Рацинови средби

Велес, јуни 2026

Вкупен буџет на манифестацијата	1.375.883,00 денари
Вкупен износ на средства од Општина Велес	763.883,00денари
Вкупен износ на средства одобрени од Министерство за култура и туризам	612.000,00 денари

Место на реализација на манифестацијата	Време и времетраење (во денови) на манифестацијата
НУЦК театар „Јордан Хаџи Константинов- Џинот“ Велес Амфитеатар Велес	од 31.05 до 16.06.2026 година

Соработници вклучени во манифестацијата

проф. д-р Весна Мојсова- Чепишевска, член на Организациски одбор, учесник

проф. д-р Кристина Николовска, член на Организациски одбор, учесник

Марко Колев, претседател на Организациски одбор

Снежана Божевска член на Организациски одбор

Менка Андреевска член на Организацсики одбор, учесник

проф. д-р Елена Јованова Грујовска, соработник, учесник

проф. д-р Васил Тоциновски, учесник, соработник

Како соработници со човечки и просторни ресурси и како поддржувачи на манифестацијата активно се вклучија и ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“,

ЛУ Народен музеј Велес, НУ театар „Јордан Хаџи Константинов- Џинот и Кубот на писатели„Коста Солев Рацин“

11. Наративен извештај

И годинава, Велес, Македонија и светот глаголеа за соленaта пот, за аргатските маки големи, за осамнувањето во противречности и копнежот по Белите мугри. Преку современа поезија, проза и уметност одново се навраќавме на Рациновото дело.

Традиционалните Рацинови средби, манифестацијата во чест на бесмртниот великан ја оствари примарната цел.

Велес од 31 мај до 16 јуни, беше рефлексија на времето. Преку содржински богата програма, мултидимензионално, го чествуваше Рацин.

Во неговата изворна форма, поезијата, но и од другата страна на стихот и зборот, преку литература, спортот, ликовната уметност, на еден современ сценски јазик, се издигнуваше ликот и делото на човекот- болка.

Планираната програма на 63.Рацинови средби се реализираше во целост. Сите предвидени настани се реализираа согласно првичната замисла на организацискиот одбор. Настаните беа масовно посетени, наидоа на голем интерес како од многубројната публика, така и со медиумска застапеност преку средствата за јавно информирање.

Нескриено задоволство од организацијата искажаа сите учесници, научните соработници, поети гости и уметници.

Програма за

63. Рацинови средби

31 мај, недела

09:00 „Трчаме за Рацин“

Атлетска трка низ улиците на Велес

Чествувањето на Рацин отпочна со атлетска трка „Трчаме за Рацин“. Настанот предизвика голем интерес и кај учесниците и публиката.

7 јуни, недела

09:00- 15:00 „Ти подарувам бесмртност“

Крводарителска акција во организација на

ОО Црвен крст - Велес

Локација: Ликовен салон

На 7 јуни се организираше традиционалната крводарителска акција заедно со ОО Црвен крст – Велес

8 јуни, понеделник

10:00 „Кондензирани воздиви“

Поетско читање

Локација: СОУ „Гимназија Кочо Рацин“

Овој настан од Програмата беше реализиран со младински активизам. Имено, ученици од основните и средните општински училишта реализираа поетско читање под мотото „Кондензирани воздиви“. Програмата беше збогатена и со музички содржини пред споменикот на Рацин, во дворот на Гимназијата што го носи неговото име

10:30 „Слободарски фиданки“

Засадување млади садници за Рацин

Локација: Парк во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“

Програмата продолжи со засадување млади садници, акција насловена „Слободарски фиданки“ со што успеавме да ја поттикнеме еколошката свест кај средношколците и симболично да ја продолжиме традицијата за метафоричкото издигнување на „Рациновата шума“.

10 јуни, среда

05:30 „Ултра маратон од Велес до Лопушник“

Испраќање на ултрамаратонците

Локација: споменик на Кочо Рацин во дворот на Гимназијата

Во мугрите, на 10 јуни 2026, од пред споменикот на Рацин во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, се реализираше испраќањето на ултрамаратонците, учесници на традиционалниот Ултра маратон „Од Велес до Лопушник“. На овој начин ја продолжија традицијата да се ализира ултрамаратонот до Лопушник, местото на погибјето на великанот Коста Солев Рацин. Петминатa маратонци трчаа 156 километри и стигнаа на 13 јуни, на датумот на погибијата. Делегација на Општина Велес беше присутна на чинот на испраќање во Велес и пречекот на ултрамаратонците на Лопушник .

17:00 Промоција на монографијата „Кон творештвото
на Васил Тоциновски“ од Васил Дрвошанов
Промотор: Мишо Китановски
Локација: ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“

19:00 „Сокаче на поезијата“
Поетско читање на велешките поети
Промоција на списанието „Велес“
Промотор: Васил Тоциновски
Музички перформанс
Локација: Спомен - куќа на Рацин

Следуваа содржини од областа на литературата. Имено, прво се промовираше монографијата „Кон творештвото на Васил Тоциновски“ од Васил Дрвошанов, а следниот настан беше реализиран пред Спомен-куќата на Рацин, во „Сокачето на поезијата“. Родната куќа на Рацин оживеа со одекнување на стиховите на велешките поети. Писатели и членови на клубот на писатели што го носи името на великанот Коста Солев Рацин настапија со свои поетски читања. Во чест на Рацин, го споделија својот поетски збор инспирирани од истата жар -љубовта кон татковината, јазикот и вистината.

Во рамки на чествувањето на Рацин се одржа и промоција на списанието „Велес“, а негов промотор беше истакнатиот македонски писател Васил Тоциновски.

11 јуни, четврток

11:00 Меѓународна научна конференција на тема
„Рацин меѓу Мисирков, Андреевски, Стефановски и потоа...“
- Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“
Локација: театар „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“-Велес

Во рамките на 63. Рацинови средби, во фоајето на театарот „Јордан Хаџи Константинов Џинот“, се одржа научна конференција на тема „Рацин меѓу Мисирков, Андреевски, Стефановски и потоа...“. Конференцијата беше во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Општина Велес, а на неа учествуваа еминентни имиња од научната мисла за јазикот и книжевноста: Васил Тоциновски Рацин – „Македонска творечка и епичка мерка“, Сашо Димоски „Рацин како перформативен полигон“: студија на случај, Мишел Павловски „Коста Солев-Рацин – национален идентитет, есеистика и современост“, Виолета Николовска „Социјалното, идентитетското, љубовното: К. Рацин, Г. Стефановски и П. М. Андреевски“, Сузана В. Спасовска „Говорниот јазик како суштествена одлика на клнижевниот (од Мисирков преку Рацин до Андреевски и Стефановски)“ , Светлана Давкова-Ѓоргиева „И дното има свое дно (осврт кон драмата „Дупло дно“ од Горан Стефановски)“, Десанка Николова „Рацин како духовна вертикала на македонската литература“, Снежана Петрова-Џамбазова „Родољубивото, боречкото и човечкото ракување на песните (К. Рацин, А. Поповски и Г. Тодоровски)“, Клаудија Кмет „Поетски мостови: Рацин и неговите наследници“, Лилјана Макаријоска, Ивана Блажевска-Ристовска „Народната фразеологија во драмите на Петре М. Андреевски“, Елка Јачева-Улчар „Од Жаба Зграда до Скопска железничка... четири точки на една предодреденост“, Јасминка Делова-Силјанова „Рецепцијата на Рацин во чешката книжевнокултурна средина“, Лидија Тантуровска, Мариче Стојанова „Ајде да зборуваме за сврзникот АЈ(ДЕ) кај Рацин, Андреевски, Мисирков, Стефановски и потоа“, Веселинка Лаброска, Македонка Додевска „Проф. д-р Коста Пеев и неговиот влог во македонистиката“ – по повод неговата 90-годишнина и 60 години научна работа.

12 јуни, петок

18:30 Промоција на книгата „Кралот над кралевите“

од велешкиот автор Панче Коцев

Промотор: Анде Јанков

Локација: ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“

Традиционално, беше промовирано и дело од велешки автор. Оваа година се организираше промоција на возбудливиот криминалистичко-историски роман „Кралот над кралевите“ од велешанецот Панче Коцев.

13 јуни, сабота

12:00 Положување венец на местото на погибијата на Рацин

Локација: Лопушник

На 13 јуни, делегација на Општина Велес положи свежо цвеќе пред споменикот на местото на погибјето на поетот и револуционер Коста Солев Рацин. На Лопушник се одбележа годишнината од смртта на творецот на „Бели мугри“. Пред споменикот подигнат во чест на поетот се поклонија и ултрамаратонците кои успешно го завршија својот поход во чест на великанот. Настанот беше одбележан и со заеднички активности на Општина Кичево и Општина Велес.

15 јуни, понеделник

18:30 Почит за безвремениот

Положување цвеќе на вечното почивалиште

Локација: Спомен – костурница

19:00 Почит пред споменикот на Рацин

Локација: СОУ„Гимназија Кочо Рацин“

20:00 Свечено отворање на 63. Рацинови средби

Настап на хорот „Кочо Рацин“

Поздравно обраќање на Марко Колев, Градоначалник на Општина Велес

Беседа за Рацин - академик Катица Ќулавкова

Портрет на добитникот на наградата Рациново признание за 2026 година

Врачување на наградата Рациново признание за 2026 година

Концерт на Никола Мицевски и Дамјан Пејчиновски дуо

Локација: театар „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“- Велес

Пред самиот почеток на отворањето на средбите, бројни делегации оддадоа почит на вечното почивалиште на Рацин, Спомен костурницата и на споменикот на Рацин во дворот на Гимназијата.

Во 20:00 часот, на сцената на театарот „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ со химните во изведба на хорот „Кочо Рацин“ и официјално свечено беа отворени 63. Рацинови средби.

Централната манифестација отпочна со уметнички перформанс, а пред присутните гости се обрати и градоначалникот Марко Колев, кој воедно е и претседател на Организацискиот одбор на средбите.

Во чест на безвремениот Рацин беседеше академик Катица Ќулавкова.

Годинава, на конкурсот за избор на Рациновото признание 2026 пристигнаа вкупно 25 дела, од кои жири комисијата во состав проф. д-р Елизабета Шелева, проф. д-р Лорета Георгиевска Јаковлева и проф. д-р Марија Ѓорѓиева Димова одлучи престижната литературна награда да ја добие романот „Коста Солев Смртопис" од есеистот, автор Наум Пановски. Стручното жири на свеченоста ја образложи Одлуката за избор , но наградата не беше врачена.

Имено, претходно, лауреатот, во електронски допис и во видеопорака цени дека признанието го прифаќа како потврда за вредноста на своето дело, но дека од морални и принципиелни причини не сака формално да ја прими наградата. Според него, станува збор за личен чин на протест, а не за оспорување на значењето на Кочо Рацин или на самата книжевна традиција поврзана со Рациновите средби. Во неговото обраќање беше побарано финансиските средства планирани за наградата да бидат префрлени на здружението пркос. Но, Организацискиот одбор одржа седница по завршување на манифестацијата и донесе одлука дека паричните средства да останат недоделени затоа што добитникот се откажа од наградата и нема право понатаму да располага со неа.

Свеченоста се заокружи со настапот на Никола Мицевски и Дамјан Пејчиновски дуо кои со својата интерпретација предизвикаа бура од емоции кај присутната публика.

16 јуни, вторник

19:00 Отворање изложбата на Филип Коруновски, ликовен уметник

Локација: Ликовен салон

20:30 Свечено затворање на 63. Рацинови средби

Портрет на добитникот на наградата Почесно Рациново признание за 2026 година

Врачување на наградата Почесно Рациново признание за 2026 година

Меѓународен поетски митинг

Концерт на Игор Џамбазов и Гуру Харе бенд

Локација: Амфитеатар, Младински парк

Втората централна вечер од манифестацијата 63. Рацинови средби, отпочна со отворање на изложбата на ликовниот уметник Филип Коруновски.

Свеченото затворање се одржа на отворена летна сцена, во преполниот Амфитеатар, во Младински парк. Беше доделено Почесното Рациново признание за 2026 година на Проф. д-р хаб. Маќеј Кавка. Истакнат полски лингвист, славист и македонист, лингвист и истражувач на дискурсот и медиумската комуникација.

Неговото научно дело, создавано повеќе децении, претставува значаен придонес за проучувањето, афирмацијата и меѓународната видливост на македонскиот јазик, литературата и културата. Неговата академска биографија е поврзана со најважните полски научни центри, особено со Јагелонскиот универзитет во Краков, но и со македонската научна и културна средина, со која проф. Кавка одржува трајни, плодни и длабоко посветени врски.

Македонистиката зазема посебно место во неговиот опус. Кавка ѝ пристапува на Македонија како на самостоен и богат научен простор во кој се вкрстуваат јазикот, историјата, литературата, културата, медиумите и колективната меморија. Неговата македонистичка работа се движи од контрастивни полско-македонски јазични студии, преку прашања поврзани со кодификацијата на современиот македонски литературен јазик, до анализи на македонскиот парламентарен, медиумски, книжевен и културен дискурс.

Проф. Маќеј Кавка е автор на бројни трудови посветени на македонскиот јазик, македонската литература и македонската култура. Меѓу неговите најзначајни дела во оваа област се издвојуваат книгите Polski–macedoński. Studia konfrontatywne, Sześć dyskursów o języku и особено Macedonian Discourses.

Неговите македонистички интереси се исклучително широки. Тој пишува за развојот и

потребите на македонската текстологија, за кодификацијата на македонската јазична норма, за синтаксичко-семантичките односи меѓу полскиот и македонскиот јазик, за јазикот на македонската книжевност, за делата на Живко Чинго, Петре М. Андреевски и Марко Цепенков, како и за македонските јавни, политички и медиумски дискурси. На тој начин, неговото дело не е ограничено само на лингвистички опис, туку претставува поширок научен придонес кон разбирањето на македонската културна и јазична самобитност.

Од особена важност е и неговата улога во развивањето на полско-македонските научни врски. Проф. Кавка предавал и соработувал со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, учествувал на меѓународни научни конференции и семинари посветени на македонскиот јазик, литературата и културата, а со својата работа придонел за создавање траен простор на научен дијалог меѓу полската и македонската славистика. Неговите настапи, публикации и академски контакти го потврдуваат неговиот статус на еден од најзначајните полски промотори на македонистичките истражувања.

За својот исклучителен придонес во развојот, афирмацијата и меѓународната промоција на македонскиот јазик, литературата и културата, проф. Маќеј Кавка е добитник на повеќе значајни признанија од македонската академска средина. Меѓу нив се издвојуваат златните плакети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и признанието „Воздејства", кое во 2025 година му беше доделено од ректорката на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова.

Во последните години проф. Кавка дополнително го прошири својот придонес кон македонската култура преку преводот и промоцијата на македонската поезија во Полска. Неговата преведувачка работа врз поезијата на Ацо Шопов, објавена во двојазичното издание Z najstarszego i najczystszego światła słonecznego / Од најстара и најчиста сончевина, претставува значаен културен чин: отворање на македонската поетска традиција кон полскиот читател и внесување на еден од најголемите македонски поети во современиот полски книжевен простор. Во овој контекст треба да се истакне и неговиот преведувачки придонес во двојазичното издание на поезијата на Катица Ќулавкова, Ze snu w sen / Од сон во сон. Со овие преводи проф. Кавка ја доближува поетиката на македонската лирика до полскиот читател, отворајќи простор за ново читање на нејзините духовни, медитативни и културно-симболички димензии во полскиот книжевен контекст.

Научната и културната дејност на проф. Маќеј Кавка има особено значење затоа што ја афирмира Македонија не само како предмет на регионално или славистичко истражување, туку и како важен дел од европската културна и јазична мапа. Во неговото дело македонскиот јазик се појавува како јазик со сопствена историска длабочина, современа функционалност и богата текстуална култура; македонската литература — како простор на силни симболички, митски и историски значења; а македонскиот јавен дискурс — како предмет достоен за сериозна европска научна анализа.

Почесното Рациново признание е достоен израз на благодарност до човекот што со децении ја внесува македонската реч во европскиот научен и културен простор, градејќи мостови меѓу Полска и Македонија и потврдувајќи дека македонистиката е жива, современа и меѓународно значајна научна област.

Престижното признание му беше врачено за неговиот придонес во развојот и афирмацијата на македонскиот јазик надвор од границите. На свечен настан, во Амфитеатарот, Признанието му го додели градоначалникот Марко Колев. Обраќањето на добитникот беше проследено со бројни аплаузи и овации.

Во чест на наградата, на Меѓународниот поетски митинг настапија 14 поети од Македонија, Србија и Бугарија читајќи дел од своите поеми и стихови.

Настапија:

- Иван Џепароски,
- Ерол Туфан,
- Васил Тоциновски
- Михајло Свидерски

- Снежана Петрова Џамбазова
- Ели Маказлиева
- Милан Орлиќ
- Поли Муканова
- Лорета Георгиевска Јаковлева
- Сузана В. Спасовска
- Десанка Николова
- Верица Муковска
- Лила Арсова и
- Игор Крајчев

Посетителите на свеченото доделување на Почесното Рациново признание, освен што уживаа во стиховите на поетите имаа можност да го проследат и прекрасниот концерт на Игор Џамбазов и Гуру Харе бенд.

Поддршката од Министерството за култура и туризам имаше значајно влијание врз успешната реализација на проектот и овозможи исполнување на програмските цели, обезбедувајќи услови за достојно претставување на македонската култура пред домашната и меѓународната јавност.

*Линкови од 63. Рациновите средби
https://time.mk/c/d69d5e02a3/bogatata-i-povekednevna-programa-na-godinasnite-63-racinovi-sredbi-prodolzuva-utre.html
https://nacionalno.mk/od-trka-do-poezi-a-racinovite-sredbi-so-programa-shto-go-osvo-uva-veles/
https://www.youtube.com/watch?v=OjS1iHxALhQ

https://www.youtube.com/watch?v=H8d6_ExMCJM

https://racin.mk/kultura/bogatata-i-povekednevna-programa-na-godinashnite-63-raczinovi-sredbi-prodolzhuva-utre/

https://veles.gov.mk/63-racinovi-sredbi-ma-e-kafka-dobitnik/

https://republika.mk/scena/muzika/63-raczinovi-sredbi-konczert-na-nikola-miczevski-i-damjan-pejchinovski-na-sczenata-na-veleshkiot-teatar/

https://duma.mk/region/racin-po-63-ti-pat-gi-sobra-pochituvachite-da-racinuvaat-vo-veles-video-i-foto/

https://duma.mk/region/prof-d-r-hab-makjej-kavka-dobitnik-na-pochesnoto-racinovo-priznanie-na-63-racinovi-sredbi/

https://prv.mk/kultura/92258e83-9abb-453f-9f84-a74c387fefcc-1

https://nacionalno.mk/od-trka-do-poezi-a-racinovite-sredbi-so-programa-shto-go-osvo-uva-veles/

https://mia.mk/al/story/%D0%B1%D0%BE%D0%B3%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-63.-%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B1%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81

hthttps://nezavisen.mk/bogata-programa-za-pretstojnite-63-racinovi-sredbi-vo-veles/tps://www.youtube.com/watch?v=OjS1iHxALhQ

https://www.vesti.mk/c/OpHTnZ4BtMdV5ijY6xgQ

https://www.facebook.com/100057105654607/posts/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-63-%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B1%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%B8-%D1%81%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D1%80%D0%B3%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4/1543332164246957/

Финансиски извештај за трошоците што се покриени со средствата одобрени од Министерството за култура и туризам		
Бр.	Опис на трошокот	Износ
1.	Свеченост со концерти во чест на добитниците на Рациновото и Почесното Рациново признание (- настап на хорот „Кочо Рацин“ - концерт на Никола Мицевски и Дамјан Пејчиновски дуо - концерт на Игор Џамбазов и Гуру Харе) согласно Одлуката за исплата на хонорари и други надоместоци за 63.Рацинови средби од Организациски одбор арх.бр.11-1068/34 од 09.06.2026 година	368.877,00
2.	Паричен надомест за жири- комисија за доделување на наградата „Рациново признание“ за 2026 година (согласно Правилникот за начинот и постапката за реализација на културната манифестација Рацинови средби(„Службен гласник на Општина Велес“бр.04/26)	50.000,00
3.	Паричен надомест за Организациски одбор (согласно Правилникот за начинот и постапката за реализација на културната манифестација Рацинови средби(„Службен гласник на Општина Велес“бр.04/26)	65.901,00
4.	Озвучување и осветлување на настани од 63.Рацинови средби (фактура издадена од Аудио- саунд согласно рамковна спогодба 05-720/8 од 25.03.2026 година)	105.000,00
5.	Ликовна изложба на уметникот Филип Коруновски согласно Одлуката за исплата на хонорари и други надоместоци за 63.Рацинови средби од Организациски одбор арх.бр.11-1068/34 од 09.06.2026 година	22.222,00
Вкупно		612.000,00

13. Расходи за трошоците што се покриени со средствата обезбедени од Буџетот на Општина Велес		
Бр.	Опис на трошокот	Износ (вкупни трошоци)
1.	Хотелско- угостителски услуги (хотелско сместување на гости- учесници, исхрана на гости-учесници, свечен ручек за учесници и гости на Научната конференција во организација на Институтот за македонски јазик	257.193,00

	„Крсе Мисирков“- Скопје, кетеринг за свечените вечери) фактури согласно Договор за јавна набавка на услуги бр.05-3533/7 од 04.08.2025 година	
2.	Атлетска трка „Трчаме за Рацин“ 2025	300.000,00
3.	Организација на ултра маратон во рамки на 63. Рацинови средби согласно Одлуката за исплата на хонорари и други надоместоци за 63.Рацинови средби од Организациски одбор арх.бр.11-1068/34 од 09.06.2026 година	44.444,00
4.	Исплата на хонорари за пропратни настани, промоции, ангажирани лица за свечености и други надоместоци согласно Одлуката за исплата на хонорари и други надоместоци за 63.Рацинови средби од Организациски одбор арх.бр.11-1068/34 од 09.06.2026 година	110.776,00
5.	Патни трошоци за гости- учесници согласно Одлуката за исплата на хонорари и други надоместоци за 63.Рацинови средби од Организациски одбор арх.бр.11-1068/34 од 09.06.2026 година	20.670,00
6.	Награда Почесно Рациново признание (согласно Правилникот за начинот и постапката за реализација на културната манифестација Рацинови средби(„Службен гласник на Општина Велес“бр.04/26)	30.800,00
Вкупно		763.883,00

Марко Колев,

Претседател на Организацискиот одбор

Потпис и печат: